**ДИСЦИПЛИНСКИОТ СОВЕТ ПРИ НОТАРСКАТА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,** во совет составен од Матилда Бабиќ, претседател на советот, Нада Прочкова, Емине Мурати, Петар Аневски и Љубинка Башевска, членови на советот, со записничар Тања Илиќ, во дисциплинската постапка против нотарот А.Б. од С., по одржаната расправа согласно член 25 и 29 од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка на Нотарската Комора на Република Македонија, во присуство на нотарот, на ден 12.07 2018 год., ја донесе следната

**О Д Л У К А**

1.Нотарот А.Б. од С., **виновна е** за сторена дисциплинска повреда по член 124 став (1) алинеја 3) од Законот за нотаријатот, поради тоа што при архивирање на одредени УЗП предмети не се приложуваат прилозите, туку истите се чуваат надвор од предметите во хартиена или електронска форма, што е спротивно на член 71 став (1) од Правилникот за видот, содржината, формата, начинот на водењето и чувањето на актите, уписниците, книгите и имениците на нотарот, начинот на примање и чување на нотарските исправи и предметите од вредност и нивното издавање и преземање како и преземање на други формални дејствија, поради што се казнува со парична казна во висина на (1) - една плата на претседател на основен суд со проширена надлежност на денот на донесувањето на одлуката.

2.Нотарот А.Б. од С., **се ослободува од одговорност** дека сторила дисциплинска повреда по член 125 став (1) алинеја 4) од Законот за нотаријатот, поради тоа што кон солемнизиран договор за продажба на недвижност (ОДУ бр. 176/16) недоставува одлука од продавачот – правно лице, што е спротивно на член 44 став (1) од Законот за нотаријатот.

3.Нотарот А.Б. од С., **се ослободува од одговорност** дека сторила дисциплинска повреда по член 126 став (1) алинеја 1) од Законот за нотаријатот, поради тоа што за одредени предмети наплатените такси не ги уплатува во текот на работниот ден или најдоцна наредниот работен

ден, туку тоа го прави по истекот на рокот предвиден во член 3 став (2) од Правилникот за плаќање на судските такси во готови пари на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка, и начинот на плаќање на судските такси преку мобилни оператори или преку интернет, и спротивно на истата одредба копија од уплатницата и примерок од спецификацијата не ја приложува кон секој предмет за кој е платена судската такса.

**О б р а з л о ж е н и е**

Во Предлогот за покренување на дисциплинска постапка доставен до Дисциплинскиот совет на НКРМ од страна на Нотарската комора на Република Македонија, бр.02 – 2665/1 од 26.12.2017 год., се укажува дека именуваниот нотар постапувајќи на начин опишан во диспозитивот на одлуката сторила дисциплинска повреда од член 124 став (1) алинеја 3), член 125 став (1) алинеја 4) и член 126 став (1) алинеја 1) од Законот за нотаријатот („Сл. весник РМ“ бр. 55/07), со предлог да биде изречена соодветна дисциплинска мерка.

Во текот на дисциплинската постапка именуваниот нотар во својата одбрана, изнесена во поднесокот од 12.01.2018 год. и усно на расправата, меѓу другото, во врска со точка 1) од Предлогот, наведува дека постапува во согласност со член 71 став (1) од наведениот Правилник, бидејќи предметот се прегледува пред да се архивира и кон него се приложуваат сите писмена. Во одредени предмети тековни состојби кои се пообемни за одредени клиенти со кои работи секојдневно списите кон УЗП предмети ги чува во посебни класери како би и’ биле достапни за увид во секое време, и тоа е мал број на предмети. Во врска со точка 2) од Предлогот наведува дека одлуката е прибавена во моментот на составување на нотарскиот акт и од нејзина страна е доставена следниот ден до Нотарската комора, а во врска со точка 3) наведува дека судските такси за сите предмети се платени во целост. Наведува дека води дневна спецификација за уплатена судска такса кон која ги прикачува уплатниците за уплатена судска такса и нотарска награда.

За доказ приложи одлука за продажба и заложување на недвижен имот од 1.12.2015 год., налози за уплата од 1.03 и 17.02.2016 год, и 17.12.2015 год.;

Во текот на дисциплинската постапка, врз основа на оцена на наводите од Предлогот за поведување на дисциплинска постапка, одбраната на нотарот и изведените докази Дисциплинскиот совет наоѓа дека :

Нотарот е виновна за сторена дисциплинска повреда по член 124 став (1) алинеја 3) од Законот за нотаријатот – „неуредно чување на службените списи и податоци", поради тоа што при архивирање на одредени УЗП предмети не се приложуваат прилозите, туку истите се чуваат надвор од предметите во хартиена или електронска форма, во посебни класери, што е спротивно на член 71 став (1) од Правилникот за видот, содржината, формата, начинот на водењето и чувањето на актите, уписниците, книгите и имениците на нотарот, начинот на примање и чување на нотарските исправи и предметите од вредност и нивното издавање и преземање како и преземање на други формални дејствија („Сл. весник РМ" бр. 55/07). Имено, според наведениот член 71 став (1) откако службеното дејствие по кој повод списот е основан е завршено, нотарот го прегледува списот и ако утврди дека во него се наоѓаат сите писмена кои треба да се наоѓаат во него, сите доставници и повратници за извршената достава, како и дека се наплатени таксите, односно дека е покрената постапка за нивната наплата, го архивира предметот. Според утврденото нотарот не постапувала на наведениот начин.

При ваквото утврдување Дисциплинскиот совет ја ценеше одбраната на именуваниот нотар, при што оцени дека нотарот во одбраната всушност не ги оспорува констатациите на подносителот на Предлогот за поведување на дисицплинска постапка, туку само појаснува поради кои причини и на кој начин постапувала на наведениот начин, односно дека во одредени предмети тековни состојби, кои се пообемни за одредени клиенти со кои работи секојдневно, списите кон УЗП предмети

ги чува во посебни класери како би и' биле достапни за увид во секое време, и дека тоа е мал број на предмети.

При одмерување на дисциплинската мерка Дисциплинскиот совет ги ценеше околностите од член 7 од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка кои се од влијание врз видот и висина на казната. При тоа, Дисциплинскиот совет го има предвид фактот дека нотарот, според евиденцијата која се води во Нотарската комора, досега е дисциплински казнувана со парична казна и јавна опомена, дека во врска со сторената дисциплинска повреда не е причинета штета на странките, а дека сторениот пропуст во работењето, на кој е укажано од страна на Комисијата за надзор, повеќе не се повторува. Поради наведеното е изречена парична казна во висина на (1) – една плата на претседател на основен суд со проширена надлежност на денот на донесувањето на одлуката.

Дисциплинскиот совет очекува дека изречената парична казна воспитно ќе влијае врз нотарот во иднина да не ја повтори воочената грешка во работењето и дека своето работење ќе го усогласи со Законот за нотаријатот и подзаконските акти врз основа на кои ја врши нотарската служба.

Поради наведеното е одлучено како во диспозитивот на одлуката согласно член 33 став (1) точка 2) од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка на НКРМ.

Во врска со точка 2) од дисципозитивот на одлукава Дисциплинскиот совет утврди дека кон солемнизиран договор за продажба на недвижност - стан ОДУ бр. 176/16, склучен меѓу Н.И. ДОО С., како продавач, и М.Б.М и Б.Д. од С., како купувачи, недоставува одлука од продавачот – правно лице, за продажба на наведениот недвижен имот, како што е тоа констатирано на Записникот од Комисијата за надзор составен на ден 25.11.2017 год. Овој факт Дисциплинскиот совет го утврдува врз основа на извршениот увид во наведениот Записник, кој е составен по извршениот увид над нотарското работење на именуваниот нотар и со увид во списите на предметот ОДУ бр. 176/16 од 18.01.2016 год.,

а кој е своерачно потпишан и од страна на нотарот. Поради наведеното Дисциплинскиот совет го оценува како неоснована тврдењето на нотарот дека таквата одлука била здружена во списите на предметот ОДУ бр. 176/16 во времето на извршениот надзор. Меѓутоа, според член 44 став (1) од Законот за нотаријатот, при составувањето на нотарскиот акт, нотарот мора да испита дали странките се способни и овластени за преземање на работите, да им ја објасни целта и последиците и да се увери во нивна вистинска и сериозна волја. Во конкретниов случај, според наоѓањето на Дисциплинскиот совет, при составувањето на нотарската исправа ОДУ бр. 176/16 продавачот Н.И. ДОО С., немало потреба до нотарот да достави одлука за продажба на предметниот недвижен имот – стан, бидејќи видно од Тековна состојба на Централен регистар на РМ од 9.09.2015 год., истиот е друштво кое се занимава со трговија, производство, градежништво, проектирање и инженеринг, што значи дека продажба на предметниот стан спаѓа во негова редовна дејност.

Поради наведеното Дисциплинскиот совет наоѓа дека нотарот не ја сторила дисциплинската повреда по член 125 став (1) алинеја 4) од Законот за нотаријатот – „непридржување кон законските одредби во однос на формата на нотарската исправа“, поради што е одлучено како во точка 2) од диспозитивот на одлуката согласно член 33 став (1) точка 1) од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка на НКРМ.

Во врска со точка 3) од диспозитивот на одлукава, а во врска со наводот во Предлогот за поведување на дисциплинска постапка бр.02-2665/1 од 26.12.2017 год., дека нотарот сторила дисциплинска повреда по член 126 став (1) алинеја 1) од Законот за нотаријатот – „неводење евиденција за наплатена награда, трошоци и такси согласно со овој закон и соодветните поравилници“, поради тоа што наплатените такси не ги уплатува во текот на работниот ден или најдоцна наредниот работен ден, туку тоа го прави по истекот на рокот предвиден во член 3 став (2) од Правилникот за плаќање на судските такси во готови пари на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка, и начинот на плаќање

на судските такси преку мобилни оператори или преку интернет („Сл. весник РМ“бр.55/07), и спротивно на истата одредба копија од уплатницата и примерок од спецификацијата не ја приложува кон секој предмет за кој е платена судската такса, Дисциплинскиот совет не може да ги провери таквите наводи од Предлогот. Ова поради поради тоа што во истиот не е точно наведено на кои нотарски предмети се однесува Предлогот, што би овозможило Дисциплинскиот совет да го провери таквото укажување. Овој податок не може да се провери ниту преку увид во Записникот бр. 02-2420/1 од 9.12.2017 год., за извршен надзор над нотарското работење на именуваниот нотар, бидејќи во истиот (стр.5), покрај констатацијата дека нотарот ги уплатува таксите на соодветна уплатна сметка, само на воопштен начин е констатирано дека во некои предмети таксата се уплатува со задоцнување и дека не се приложува копија од уплатницата и примерок од спецификацијата без наведување на конкретни предмети во кои е утврдена таквата состојба.

Поради наведеното е одлучено како во диспозитивот на одлуката согласно член 33 став (1) точка 1) од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка на НКРМ.

**ДИСЦИПЛИНСКИ СОВЕТ НА НКРМ**
**Претседател**
**Матилда Бабиќ**

ПРАВНА ПОУКА: против одлуката може да се поведе управен спор во рок од 30 дена по приемот на истата;

ДН: Нотарот;

Архивата;